# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1702-169/4 од 9 јули 2014 година, донесена на 81. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 8 јули 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *финансии* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 25 јуни 2014 година и во предвидениот рок се пријави д-р Марија Гогова Самоников, доктор на економски науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Марија Гогова Самоников** е родена на 2 февруари 1984 година во Штип, основното и средно - гимназиско образование завршува во родниот град. Во 2002 година се запишува на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и го завршува во 2006 година со просек од 8,81. Истата година, односно во учебната 2006/2007 год., се запишува на магистерски студии на истиот факултет на департманот Монетарна економија. На 7 јули 2009 година го брани магистерскиот труд со наслов „Слабостите на финансиската регулација како фактор за појава на финансиските кризи“, под менторство на проф. д-р Михаил Петковски и ги завршува магистерските студии со просек од 8,22, а на 27 февруари 2014 година, Марија Гогова Самоников го брани докторскиот труд со наслов „Финансиските иновации како предизвик за финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација“ со што се стекнува со звање доктор на економски науки.

Во 2007 година, Марија Гогова Самоников се вработува како помлад асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Во 2010 година таа е реизбрана како асистент и своето работно искуство го гради во наставно-научната област финансии.

Во текот на своето студирање и работа, таа остварува опсег на активности, трудови, посета и учество на конференции.

За време на своето образование таа присуствува на: „Младинска конференција за поддршка на развојот“, организирана од Светска банка во Париз, 2003 година; пракса во НЛБ Тутунска банка АД Скопје во Скопје 2006 и 2007 година; студиски престој од три месеци на University of West of England – UWE во Бристол, Англија во 2010 година.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатката за избор во звање доцент***

1. Доктор на економски науки од соодветната научна област – финансии.
2. Просек на студиите од прв циклус на студии – 8,81 и просек на студиите од втор циклус на студиите 8,22.
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 1 | Gogova Samonikov, Marija and Fotov, Risto and Nikolova, Elena (2012) | "Innovative methods for managing resources in banks, caused by the influences of the current crisis on the working process of these institutions", | Revista Economică, 3 (62). pp. 113-121. ISSN 1582-6260 | 2007 |
| 2 | Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena | Financial crises through history compared with the crisis from 2007. | LAP - Lambert Academic Publishing, Germany. ISBN 978-3-8454-0700-5 | 2012 |
| 3 | Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena and Temelkov, Zoran | Deposit or investment in voluntary pension fund – case study in the Republic of Macedonia | Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania. pp. 39-42. ISSN 2221-5956 | 2012 |
| 4 | Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena | Management of banking operations to avoid crises. | Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania. pp. 144-149. ISSN 2221-5956 | 2012 |
| 5 | Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija | „Ланецот на вредности како извор на конкурентска предност на текстилните претпријатија". | Conference proceedings, First International Conference for Business, Economy and Finance- ICBEF 2012. pp. 194-203. ISSN 978-608-4504-88-7 | 2012 |
| 6 | Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena | Финансиските кризи низ историјата споредени со кризата од 2007 | Conference proceedings, First International Conference for Business, Economy and Finance- ICBEF 2012. pp. 25-36. ISSN 978-608-4504-88-7 | 2012 |
| 7 | Gogova Samonikov, Marija | Safety of the information bank system in the Repuplic of Macedonia. | Securitatea Informaţională 2009 Conferinţă Internaţională (Ediţia a VI-a). pp. 23-25. ISSN 978-9975-75-459-0 | 2009 |

Трудовите со реден број 2, 3, 4, 5 и 6 се вбројуваат во меѓународни публикации.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Марија Гогова Самоников е вработена на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Економски факултет на 2 јули 2007 година како помлад асистент на област финансии. Во 2010 година е избрана во асистент од истата област (финансии). Реизбор за асистент во област финансии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ѝ се врши во ноември 2013 година. Во периодот од учебната 2007/2008 година, па до учебната 2014/2015 година, д-р Марија Гогова Самоников одржува вежби за предметите: Основи на финансии, Финансиски пазари и институции, Банкарство, Финансиски менаџмент во здравствени институции, Анализа, планирање и контрола на трошоците во здравството, Финансирање на здравствена заштита, Економика, организација и финансирање на локално здравство, Организациско однесување, Стрес менаџмент.

Научната евалуација со научните трудови за целиот период до изборот на кандидатката д-р Марија Гогова Самоников е следниов.

***Трудови објавени на домашни и странски конференции и списанија:***

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2013) *How the Textile Companies in South-East Europe Create Value: The Case of the Republic of Macedonia*. Management Dynamics in the Knowledge Economy, 1 (2). pp. 327-342. ISSN 2286-2668

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2013) *Attracting foreign direct investment in transition economies with special reference to the Republic of Macedonia*. Journal of Process Management - New Technologies, 1 (3). pp. 43-50. ISSN 2334-735X

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2013) *The role and importance of the textile industry in the national economy of the Republic of Macedonia: share of GDP, exports and employment*. Journal of Process Management - New Technologies, 1 (3). pp. 7-14. ISSN 2334-735X

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012) *“SMEs innovation and growth in EU”*. Management Journal for Theory and Practice Management (64). pp. 87-94. ISSN 1820-0222

Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena and Temelkov, Zoran (2012) *Deposit or investment in voluntary pension fund – case study in the Republic of Macedonia*. Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania. pp. 39-42. ISSN 2221-5956

Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena (2012) *Management of banking operations to avoid crises*. Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration 20th October 2012 Elbasan – Albania. pp. 144-149. ISSN 2221-5956

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012) *„Ланецот на вредности како извор на конкурентска предност на текстилните претпријатија“*. Conference proceedings, First International Conference for Business, Economy and Finance- ICBEF 2012. pp. 194-203. ISSN 978-608-4504-88-7

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2012) *Финансиските кризи низ историјата споредени со кризата од 2007*. Conference proceedings, First International Conference for Business, Economy and Finance- ICBEF 2012. pp. 25-36. ISSN 978-608-4504-88-7

Nikolova, Elena and Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija (2012) *“Knowledge management for SMEs in the knowledge based economy”*. 19th International Economic Conference – IECS 2012: “The Persistence of the Global Economic Crisis: Causes, Implications, Solutions”, 15 June, 2012, Sibiu, Romania. pp. 373-380.

Nikolova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012) *“SMEs innovation and growth in EU”*. XIII International Symposium SymOrg 2012: “Innovative Management and Business Performance”, 5-9 June, 2012, Zlatibor, Serbia. pp. 679-685.

Gogova Samonikov, Marija and Nikolova, Elena (2012) *Historical financial flows compared with the actual financial crisis*. International conference: Trends and Challenges in the Economic Development, 10-11 May, 2012.

Nikolova, Elena and Gogova Samonikov, Marija (2012) *"Systemic approach to teamwork - a model for team building"*. International conference: "Trends and Challenges in the Economic Development", 10-11 May, 2012, 4. pp. 294-299. ISSN 978-954-21-0603-6

Gogova Samonikov, Marija and Fotov, Risto and Nikolova, Elena (2012) *Innovative methods on managing of resources in banks, caused by the influences of the current crisis on the working process of these institutions*. Revista Economică, 3 (62). pp. 113-121. ISSN 1582-6260

Veselinova, Elena and Gogova Samonikov, Marija and Matlievska, Margarita and Sajnoski, Krste (2011) *Selecting and assessing a target firm for an international merger or acquisition*. Conference Proceedings, Economics and Management in the 21st Century - Solutions for Sustainability and Growth, 3. pp. 479-563. ISSN 978-954-23-0679-5

Gogova Samonikov, Marija (2010) *Колку за Македонија е блиска иднината на „општество без кеш" - Кожниот не се менува лесно со електронски паричник*. Бизнис - Дневен економски весник (598). pp. 2-3.

Gogova Samonikov, Marija (2010) *Македонија во рамките на унитарното раководење*. Бизнис - Дневен економски весник (586). p. 4.

Temelkov, Zoran and Gogova Samonikov, Marija (2010) *Деловните банки можат да бидат и посредници*. Бизнис - Дневен економски весник (577). pp. 2-3.

Gogova Samonikov, Marija and Temelkov, Zoran (2010) *Инвестирање во доброволен пензиски фонд или орочување на средствата?* Бизнис - Дневен економски весник (572). pp. 2-3.

Josheski, Dushko and Gogova Samonikov, Marija (2009) *The affects from the financial crisis over the agro economy in developed and developing countries with a Review for Republic of Macedonia*. Emerging Markets Economics: Macroeconomic Issues & Challenges eJournal, 3 (68). pp. 1-6.

Gogova Samonikov, Marija (2009) *Safety of the information bank system in the Repuplic of Macedonia*. Securitatea Informaţională 2009 Conferinţă Internaţională (Ediţia a VI-a). pp. 23-25. ISSN 978-9975-75-459-0

Gogova Samonikov, Marija (2009) *Евидентни недостатоци во регулирањето на финансискиот сектор*. Годишен зборник 2009, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Економски факултет, 1. pp. 143-149. ISSN 13-978-608-4504-04-7

Gogova Samonikov, Marija (2009) *Општите психолошки фактори на однесување на потрошувачите*. Годишен зборник 2009, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Економски факултет, 1. pp. 195-201. ISSN 13-978-608-4504-04-7

Fotov, Risto and Gogova Samonikov, Marija (2008) *Regulation and modernization of the financial markets*. In: Jubilejna Mezdunarodna Naucnoprakticeska Konferencija - Svistov.

***Книга:***

Gogova Samonikov, Marija and Veselinova, Elena (2012) *Financial crises through history compared with the crisis from 2007*. LAP - Lambert Academic Publishing, Germany. ISBN 978-3-8454-0700-5

***Докторски труд:***

Gogova Samonikov, Marija (2014) *Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции и нивно вклопување во финансиската регулација*. PhD thesis, University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje.

Магистерски труд:

Gogova Samonikov, Marija (2009) *Слабостите на финансиската регулација како фактор за појава на финансиските кризи*. Masters thesis, University "Ss. Cyril and Methodius" Skopje.

***Скрипта од областа на финансиите – финансиските пазари и институции:***

Gogova Samonikov, Marija (2014) *Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции - скрипта*. [Teaching Resource]

Практикум од областа на финансиите – финансиските пазари и институции:

Gogova Samonikov, Marija (2014) *Практикум за вежби – Финансиски пазари и институции*. [Teaching Resource]

Трудовите кои погоре се наведени се елаборирани и се однесуваат на конкретни економски предизвици од областа на финансиите. Трудот „How the Textile Companies in South-East Europe Create Value: The Case of the Republic of Macedonia“ означен со реден број 1 објаснува дека едно е заедничко за сите текстилни компании во Република Македонија: тие вклучуваат добар дел од работоспособното население во земјата. Овој труд овозможува да се сфати како учеството на девизните приливи во нивните извозни активности влијаат на овој тип компании. Сепак, постои општо мислење дека текстилните компании ретко практикуваат стратешко планирање. Нивната функција е во основа реактивна кон промени во животната средина. Уделот на текстилната индустрија во создавањето на бруто вредност во националната економија е на ниско ниво. Овој труд е посветен на анализа на моменталната конкуренција и на начините како да се создаде одржлива конкурентска предност за компании во текстилната индустрија. Конкурентна предност на текстилната компанија е заеднички именител на сите активности што таа ги врши. Затоа, конкурентната предност доаѓа од тие поединечни активности како што се проектирање, производство, маркетинг, дистрибуција и продажба на производи или услуги. Основна алатка за испитување на сите активности на компаниите и нивната меѓусебна интеракција и влијание во креирањето на компаниите е конкурентската предност и таа е синџирот на вредност. Резултатите и наодите од истражувањето укажуваат на тоа дека текстилни компании треба да се концентрираат повеќе на оние активности кои значително придонесуваат за зајакнување на конкурентна предност врз основа на диференцијација. Резултатот ќе биде повисока додадена вредност, а вториот е основа за повисока профитабилност.

Вториот труд насловен како „Attracting foreign direct investment in transition economies with special reference to the Republic of Macedonia“ во фокусот има анализа на странските директни инвестиции и нивното влијание и обем, во земјите во транзиција, со посебен осврт на Република Македонија. Главната цел на оваа статија е да го покаже инвестирањето во Македонија, во периодот пред и по кризата од 2007 година и да обезбеди насоки за идните активности кои ќе помогнат за подобрување на економската состојба во целина. Резултатите покажуваат дека македонската економија е особено поддржана со активности и акции од страна на Владата по прашања поврзани за инвестирање во Република Македонија. Владата и нејзините активности значително влијаат за подобрување на позицијата на Македонија во однос на соседните земји, но сè уште има области на кои треба да се делува. Како домен на интерес во овој труд е и прашањето што ќе ја исполни сликата на македонската политика за привлекување странски инвеститори. Заклучокот е дека и покрај сите активности постојат детерминанти кои влијаат на традиционалните пазари. Најважно од нив е нивото на бруто-домашниот производ. Македонија има преземено многу мерки за да се зголеми нивото на БДП и нивото на привлекување на странски капитал, при што се воведоа даночни олеснувања, царински надоместоци и други бенефиции со кои се подобрува конкурентноста во споредба со соседните земји. Сепак, БДП и вработувањето сè уште не е задоволително.

Во фокусот на трудот „The role and importance of the textile industry in the national economy of the Republic of Macedonia: share of GDP, exports and employment“ е анализирана улогата на текстилната индустрија во националната економија на Република Македонија. Главната цел е да се разгледа она што го одредува актуелната структура на оваа индустрија и како тоа влијае на националните економски категории, како што се: бруто домашниот производ, извозот и на ниво на вработување. Истражувањето покажува дека повеќе од една третина од вкупниот извоз, како и повеќе од една третина од вработеното население во производствениот сектор отпаѓаат за текстилната индустрија, но оваа индустрија создава само 3% од националниот БДП. Заклучоците откриваат дека горенаведената статистика се должи на многу ниско ниво на дополнителна вредност меѓу сите производи кои го сочинуваат извозот од оваа индустрија. Се очекува дека развиените земји би имале тенденција да се задржат на креативни активности од процесот на производство во нивните сопствени услови и трансфер на основните производствени активности во други помалку развиените земји. Но текстилни компании од земјите во Југоисточна Европа (меѓу кои е и Република Македонија) би можеле да ја играат улогата на мост меѓу современите текстил брендови и производителите на Блискиот и Далечниот Исток.

Во трудот означен со реден број 4 се анализираат најважните фактори за ефикасноста на малите бизниси, опстанокот и раст во ЕУ. Главната цел е да се разгледа што е она што го одредува потенцијалот од неуспех на младите компании да иновираат и да се развиваат. Најчесто се тврди дека значењето за нови, млади и на тој начин често сеуште мали фирми е да се воведат иновации и раст. Затоа, факторите кои ќе ги инхибираат овие мали, млади компании за да ги постигнат своите цели, можат да имаат огромно јавно влијание. Резултатите од истражувањето покажуваат дека возраста на фирмата (која го одразува нејзиниот углед) е важно да е на степенот до кој компанијата се чувствува финансиски ограничена. Исто така, финансиските бариери може да се поврзани со неуспех на пазарот. Ризик и информативни асиметрии создаваат пазар на капитал со несовршености и недостаток на углед и обезбедување на фирмата стана клучен елемент. Заклучоци се дека способноста на малите и средни претпријатија за да расте зависи многу од нивниот потенцијал да инвестираат во реструктуирањето, иновациите и квалификацијата. Сите овие инвестиции бараат капитал и пристап до финансии. Последните политички иницијативи се насочени кон подобрување на финансиската средина за европски претприемничка активност и, поконкретно, во поддршка на новоформираниот иновативни фирми со цел да се зголеми нивната глобална конкурентност и да се поттикне иновацијата.

Целта на трудот „Deposit or investment in voluntary pension fund – case study in the Republic of Macedonia“ е споредбата за инвестирање во депозитни институции или доброволни пензиски фондови. Случаите на малите економии во земјите во развој обично донесе до поставување на прашањето за најефикасни инвестиции. Главната цел е согледување на методот на работа кој се однесува на земјите со помалку развиен финансиски пазар. Методот на работа е теоретскиот пристап и разбирање на структурата на управување во банкарски институции, а резултатот е да се покаже работата во банките и постоењето натпреварувачки дух од другите видови на финансиски институции. Значењето на овој труд е одлична за земји каде што финансиските пазари се помалку развиени. Значење е важно, бидејќи во овие економии шоковите од глобалните финансиски пазари имаат влијание на нив, но тие се мали земји и тие имаат мали шанси за да се избегнат нерамнотежа.

Текстилните претпријатија во Р.Македонија се многубројни, некои повеќе, некои помалку успешни. Едно е заедничко за сите, тие ангажираат добар дел од работоспособното население ширум земјава и остваруваат значаен девизен прилив од своите извозни активности. Сепак, постои генерално мислење дека текстилните претпријатија ретко практикуваат стратегиско планирање. Нивното функционирање е во основа реактивно на промените во окружувањето. Учеството на текстилната индустрија во креирањето на вкупната додадена вредност во националната економија е на ниско ниво. Овој труд е посветен на анализа на моменталната конкурентност и нуди начини за создавање на одржлива конкурентска предност на претпријатијата од текстилната индустрија. Конкурентската предност на едно текстилно претпријатие е заеднички именител на сите активности што истото ги извршува. Токму затоа, конкурентската предност извира од сите оние поединечни активности како: дизајнирање, производство, маркетинг, дистрибуција и продажба на производите, односно услугите. Секоја од овие активности има свој придонес кон формирањето на релативната трошковна позиција и основите за диференцирање на производите, истовремено, секоја од овие активности додава вредност на финалниот производ. Постои систематски пристап кон испитување на сите активности и нивната меѓусебна интеракција и влијание во креирањето на конкурентската предност на едно претпријатие. Основната алатка за спроведување на оваа анализа е синџирот на вредности. Неговата анализа е предмет на истражување во овој труд. Методите на анализа и синтеза, како и индукција и дедукција се во основата на истражувањето. Истото резултира со сознанија кои овоизможуваат концентрирање на оние активности кои значајно придонесуваат кон подобрување на трошочната позиција на претпријатието или зајакнување на неговата конкуретнска предност базирана на диференцирање. Независно од алтернативите, резултатот би бил повисока додадена вредност, а последново е основата за повисока профитабилност. Ова е елаборирање на метеријалот на трудот означен со реден број 6, насловен како „Ланецот на вредности како извор на конкурентска предност на текстилните претпријатија“.

Цел на истражување на трудот „Финансиските кризи низ историјата споредени со кризата од 2007" е историскиот тек на финансиите и нивните нерамнотежи. Целта на трудот оди во насока на споредување на финансиските кризи низ историјата, од причина што минатото треба да служи како лекција за идни збиднувања, а од друга страна во област во која глобализацијата има примарен ефект (каква што е финансиската област) ефектите од одредени текови треба да бидат антиципирани и на истите да се реагира навреме согласно со поуката од порано. Методи на истражување се статистички анализирани податоци и компарација на истите заради добивање на еден сумарен резултат. Очекувани резултати од истражувањето се прикази на тоа колку историјата се повторува односно колку кризите од минатото се поклопуваат со кризата од 2007 година во доменот на БДП, нивото на цените, нивото на јавниот долг, невработеност, цените на недвижностите и сл. Значењето на трудот е во насока на финансискиот сектор и покоординирана контрола од причина што предвидувањето на некои финансиски текови можат да значат спас за цела економија.

Во трудот насловен *како* „Knowledge management for SMEs in the knowledge based economy" се покажува дека во економијата базирана на знаење, фирмите се соочуваат со многу повеќе каприциозни и разновидни потрошувачи од кога било. Овие потрошувачи сè повеќе се заинтересирани за статус, углед, бренд имиња, дизајн, задоволство и постпродажни услуги. Исто така, животниот век на производи и услуги се скратува. Во принцип, напредокот на информатичката технологија и доаѓањето на економија базирана на знаење, како резултат на тоа го направи деловното опкружување за просечниот претприемач посложен. Знаењето може да се користи за да се намалат овие комплексности. Целта на овој труд е да се истакне дека знаењето е фактор кој им овозможува на претприемачите да се разликуваат од нивните конкуренти. Знаењето е средство за малите и средни претпријатија да се надмине лошата бизнис средина и промената на комплексната деловна средина да биде податлива. Главната истражувачка цел на овој труд е да се формираат и претстават модели за управување со знаењето кои ќе им помогнат на малите и средни претпријатија да бидат во можност да ја протолкуваат комплексноста на животната средина и импликации од неа. Последниот е, всушност, очекуваниот резултат: примена на моделот треба да стимулира изградба на конкурентна предност и да се поддржи конкурентската позиција на фирмата.

Во фокусот на трудот „SMEs innovation and growth in EU" е анализа на најважните фактори за ефикасноста на менаџментот на мали бизнис, опстанок и раст на ваквите компании во ЕУ. Главната цел е да се разгледа она што го одредува потенцијалот за неуспех на младите компании да се иновираат и да растат. Иновациите се значајни за нови, млади и на тој начин често се уште мали фирми. Затоа, фактори кои ќе ги инхибираат овие мали, млади компании за да ги постигнат своите цели, можат да имаат огромно јавно влијание. Резултатите од истражувањето покажуваат дека возраста на фирмата (која го одразува нејзиниот углед) е важно за нивото на степенот до кој компанијата се чувствува финансиски ограничена. Исто така, финансиските бариери може да се поврзани со неуспех на пазарот. Заклучоци на трудот се откријата дека способноста на малите и средни претпријатија да растат зависи од нивниот потенцијал да инвестираат во реструктуирањето, иновациите и квалификацијата. Сите овие инвестиции бараат капитал и пристап до финансии.

Денес во глобалната економија важноста на финансиските системи е повеќе ранлива од било кога. Да ја разберат ситуацијата и да се најде решение за тековната нестабилност понекогаш е добро да се погледне назад во историјата, со цел да се најдат алтернативи за избегнување или спречување на кризата. Во фокусот на овој труд „Historical financial flows compared with the actual financial crisis" е анализа на финансиските и должничките кризи во малите економии предизвикани од големите економски акции низ историјата, и нивните повторувања во сегашноста. Главната цел е да се постави модел кој покажува дека економските кругови се пукнати. Резултатите од истражувањето се претставени во согласна форма. Заклучокот нагласува повторно дека историјата ќе дојде повторно денес, а дека сегашната финансиска состојба треба да може да биде предвидена.

Денес во глобалната економија важноста на тимската работа на работното место добива значително внимание. Тимската работа не е само од важно, туку е од суштинско значење, особено за компаниите кои се дел од меѓународните бизниси - тие се произведуваат на еден континент во моментот, а потоа неколку дена подоцна се испорачуваат стоките до

корисниците на друг континент. Во фокусот на овој труд „Systemic approach to teamwork - a model for team building“*се* анализира процесот на градење на тим, без оглед на намената или задачата што тимовите треба да ги исполнат. Главната цел е да се постави модел за градење на тим кој ќе имаат високо ниво на универзалност во неговата примена. Резултатите од истражувањето се претставени во согласност, форма - модел за градење на тимови кои се состануваат на/над условот на неограничено користење. Заклучокот нагласува повторно дека способноста за работа во тим станува една од основните вештини потребни од страна на вработените во фирми, без оглед на нивната големина. Значи, да се користат колку што е можно од потенцијалните поединците, неопходно е да се разбере и спроведување на процесот на изградба и управување со тимска работа.

Трудот „Innovative methods on managing of resources in banks“, caused by the influences of the current crisis on the working process of these institutions“ ги разгледува моменталните акции во економските кругови кои беа значително предизвикани од работата на банките. Тие, влијаат значително на работата на банките. Затоа, фокусот на овој труд е на перцепцијата на новини кои треба да се применуваат во пристапот на работата на банкарските институции, со главна цел да се покаже на промени во методите на работата на организацијата (финансиски). Методи на работа се компаративни анализи и согледување на резултатите од собраната статистика. Заклучокот покажува дека хартиите од вредност, бранејќи некои позиции, се сметаат како класика во економијата, хеџингот треба континуирано и активно да се надоградува и никогаш не треба да излезе на површина пасивност, оставајќи работите да течат од инерција, затоа што економијата ќе се сврти кон своите основни инструменти и овие институции ќе работат со повеќето класични методи.

„Selecting and assessing a target firm for an international merger or acquisition“ ги проучува меѓународните спојувања и преземања (M & A) како начин за преструктуирање на компаниите претставуваат важен дел во светот на корпоративните финансии. Секој ден на Вол Стрит инвестициски банкари организирале M & A трансакции во кои поединечни компании се спојуваат заедно за да формираат поголеми и посилни компании отколку што се. Не е изненадувачки, ваквите активности често се појавуваат на вестите. Овие договори изнесуваат стотици милиони, дури и милијарди долари. Тие ја одредуваат иднината на компании, во кои се вклучени и сите нивни вработени, што е далеку од неважно. Извршниот директор кој раководи со стекнување или спојување може да го постигне врвот во неговиот / нејзиниот кариера со оваа трансакција. И нема ништо чудно да слушаме толку многу за овие трансакции, бидејќи тие се случуваат цело време. Основната идеја: еден плус еден прави три - е равенка со посебна алхемија за спојувања или преземања. На клучните принципи на спојување или купување на компанијата е да се создаде поголема вредност од збирот на индивидуалните вредности на двете компании. Двете компании заедно се повеќе вредни од две посебни компании, во најмала рака, тоа е расудување зад M & A. Ова објаснување не е особено привлечно за компаниите кога времињата се тешки. Силна компании ќе бараат да купат други компании за да се зајакне нивната позиција и да бидат конкурентни. Компаниите имаат заедничка надеж дека тие ќе добијат повеќе удел на пазарот или ќе постигнат поголема ефикасност. Поради овие потенцијални придобивки, целните компании често се согласуваат да се купат, особено кога тие знаат дека не можат да преживеат сами. Без оглед на нивната категорија или структура, сите спојувања и преземања имаат една заедничка цел: тие се наменети да се создаде синергија. Успехот на спојувања или преземања зависи од тоа дали оваа синергија е постигната и која е цената за таа цел.

Во понатамашната листа со трудови, кандидатката обработува неколку статии.

Статијата со реден број 15 се однесува на состојбата со електронските финансии и нивна примена во Република Македонија. Замислата на општество во кое сите трансакции се одвиваат електронски се почесто е тема на анализи како од ИТ стручните лица така и од економистите. Стаитјата одговара колку е Македонија блиску и колку Македонија е подготвена да излезе во пресрет на општество во кое не постојат пари во физичка форма, туку се се реализира преку електронски трансакции.

Статијата со реден број 16 опфаќа теоретски разработени модели на финансиска регулација во економската литература. Во трудот е објаснет начинот на работа на

македонските банки и нивното вклопување во светските трндови на модели на финансиска регулација.Се дава и одговор на тоа дали моделите на раководење се соодветни на општествените системи, конкретно макеоднскиот систем, и дали тие (моделите) се покажуваат како најсоодветни.

Статијата со реден број 17 се однесува на потенцирање на можноста за проширување на улогата на деловните банки во конзервативна економија. Акцент се дава на исплатливоста од ваквото работење за целокупниот економски сектор.

Статијата со реден број 18 се однесува на тековните промени кои се случуваат на финансискиот пазар на ниво на пензиски фондови и банки во Република Македонија како потенцијални конкуренти меѓу себе. Во текстот е дадена анализа на поисплатлива алтернатива за инвестирање на граѓанинот во тековниот период.

Целта на „The affects from the financial crisis over the agro economy in developed and developing countries with a Review for Republic of Macedonia" е да се испита тековната макроекономска мисла за економската и финансиската криза. Од 1960 година две школи на мислата се пре-доминантни во макроекономијата - Кејнс и нео-класична. Многу автори од нео-класична економска школа како што се Роберт Лукас (1976), даваат критика на макроекономската политика и ги карактеризираат постојните макроекономски модели кои се потпираат врз историски сумирани податоци за дизајн на макроекономската политика како бескорисни. Тие не можат да помогнат да се дизајнира макроекономската политика. Многу автори укажуваат на криза како и сите лоши работи што може да се случат и на многу инвеститори. Асиметричните информации создадоа агентски проблеми меѓу инвеститорите и фирмите. Можеби парадоксот на земјите во развој, и индустријализирани економии што вообичаено го субвенционираат земјоделството е прашањето што покрена најголемо внимание во овој поглед. Постоечките погледи во макроекономија се дека повеќе внимание треба да се посвети на отстапувањата од воспоставениот пат на земјоделски протекционизам.

Трудот број 20 анализира дека за секоја земја во развој, но исто така и за развиените, безбедноста на информативниот систем во целина (а исто така и на безбедноста на банкарските информациони системи) се толку важни како што е важно финансиската регулатива да може да ги спречи економски нестабилности.

Прашањата кои ги разгледува трудот означен со реден број 21 се однесуваат на: Зошто тековната финансиска криза помина неказнето, која е причината што финансиските кризи се провлекуваат на регулаторниот систем и каде тој не функционира како што треба? Дел од одговорот се наоѓа во извршената дерегулација во 80-тите години на минатиот век, но и во недоброто спроведување на мониторинг. Дали ова значи преовладување на стравот од признавање на неуспех? Овој труд посочува квантитативна метода на предвремено откривање на почеток на несоодветно функционирање на пазарот и графички приказ на евидентираните нерегуларности.

Во трудот насловен како „Општи психолошки фактори на однесување на потрошувачите" кандидатката се осврнува на тоа дека во модерните опкружувања влијанието на маркетингот е квантитативно подобрено. Аспектот на купувачот, во однос на маркетингот, е централно место. Познавањето на клиентот, со неговите манифестации е предизвикано од внатрешните карактеристики на секој човек, а претставува голема мотивација за пазарот.

„Regulation and modernization of the financial markets" е труд кој се посветува на прашањата за тековните регулативни мерки кои мора да се ажурираат соодветно на модернизирањето на финансискте пазари.

Книгата, насловена како „Financial crises through history compared with the crisis from 2007" има истражувачка цел кон историски протокот на финансиите и нивните дисбаланси. Целта е насочена кон споредба на финансиската криза низ историјата, од причина дека минатото треба да служи како лекција за идни активности. Од друга страна, во област каде што глобализацијата има примарно влијание (како што е финансиската област) ефектите од одредени текови треба да се предвидат и со соодветна реакција треба да бидат подготвени на време, според лекцијата од погоре. Употребените методи на истражување се статистички анализирање на податоците и нивната споредба, со тенденција да се резимира

еден општ резултат. Очекуваните резултати од истражувањето на прегледи на тоа како историјата се повторува, како кризата од минатото се преклопуваат со кризата од 2007 година, во доменот на БДП, цените ниво, на ниво на јавниот долг, невработеност, цените на недвижностите итн. Анализата е насочена кон финансискиот сектор и неговата повеќе координирана контрола.

Д-р Марија Гогова Самоников во својот докторски труд се насочува кон тоа дека финансискиот систем е целина којашто дејствува во и од опкружувањето кое постојано се менува. Менувањето на опкружувањето на финансиските пазари, како и менувањето на пазарот со себе носи последици кои се јавуваат како примена на нови инструменти и методи на работење. Сите тие промени мора да бидат некаде евидентирани, за да можат да бидат менаџирани, координирани и контролирани. Контролата на финансискиот систем е срж на здрава економија. Затоа ажурното и транспарентно регулирање е одраз на здрава, планирана и реализирана економија. Целта на овој труд е согледување на постоечките финансиски институции и инструменти и нивниот интерактивен однос во финансискиот систем и анализа на современите пристапи и методи што ги користат финансиските институции и начинот на користење на инструментите како одговор на постоечката финансиска структура и нејзиното опкружување; согледување на влијанието што го имаат финансиските иновации и начинот на којшто финансиските институции ги вклопуваат иновациите во своето работење; согледување на потребата од финансиска регулација во целокупниот финансиски систем, вклучувајќи ги и финансиските деривати – како поспецифичен резултат од финансиските иновации; анализа за потенцијалните финансиски и економски нерамнотежи кои можат да бидат предизвикани од испуштањето или неземањето предвид на имплементираноста на финансиските деривати во финансискиот и економскиот систем; идентификација на локацијата на македонската финансиска структура и потенцијалните приспособувања на финансиската регулација кон финансиските иновации.

Во магистерскиот труд, д-р Марија Гогова Самоников се осврнува кон тоа дека финансиската регулација е процес, па дури и целосен систем кој го штити функционирањето на финансиските пазари, за остварување на нивната примарна улога – распределба на средствата од штедачите кон инвеститорите. Потребата од финансиска регулација е базирана на основите на економските текови, но и се надградува зависно современите текови, за да може да одговори на глобализацијата како предизвик, и на финансиските иновации, како нов современ тек на пазарни инструменти, кои се појавуваат на финансискиот пазар. Потенцијалните финансиски кризи се највлијателниот, најризичниот и најспиралниот индикатор за потстоење на финансиска регулација. Ефектите на потенцијалните финансиски кризи можат за заземат размери кои би опфатиле целокупен финансиски систем, дури и во светски рамки и да предизвикат негово нарушување. Од таа причина се формирани различни форми и модели на регулирање во земјите. Тие форми и модели основно се базирани да спроведат законски акти, норми и правила, контрола и мониторинг на работењето на финансискиот сектор зависно од системите кои ги имаат пооделните земји., Поради тоа што, супериорно, финансискиот систем се реализира токму преку секторот на банките, банкарски кризи се примарниот и најзастапениот елемент за кој финансиската регулација дејствува превентивно. Но, историјата покажала дека финансиските кризи можат да бидат предизвикани и од многу други и различни фактори, кои да влијаат на повеќе сегменти во целокупниот економски систем. Сепак, во основата на кризите се провлекува токму слабоста на финансиската регулација како фактор за појава на финансиски кризи, чиишто размери знаат да бидат немилосрдни и директно или индиректно да го зафатат целиот свет.

Како последно наведени дела од пријавениот кандидатката д-р Марија Гогова Самоников се скрипта и практикум во кои детално и прецизно се дефинира каков е финансискиот систем преку неговите основни формулации, каков е системот под дејство на опкружувањето и се позголеменото присуство на електронска позадина во финансиското работење. Тематски е поделен на четири поглавја. Во оваа скрипта има согледување на постоечката структура на пазарот, поточно финансиските институции. Од финансиски институции фокусот е ставен на анализа на банкарските и небанкарските финансиски институции, а инструментите се разгледуваат како класични хартии од вредност и финансиски деривати како посовремен

израз на финансиски инструменти со кои се тргува на пазарите, а се значаен предизвик пред регулацијата. Понатаму, трудот цели кон согледување на факторите, единиците, методите кои се надвор од финансискиот систем, а значајно му делуваат и го делегираат неговото однесување посебно осврнувајќи се на глобализацијата и техничко-технолошкиот напредок. Со ваквиот пристап се настојува да се олесни анализата на целокупниот финансиски систем како комплексност не само од внатрешни компоненти (институции и инструменти и нивно работење), туку како интегриран систем во економскиот систем кој делува, се менува и развива и е под влијание на надворешните текови и промени. Предмет на трудот се и конкретните современи насоки кои се јавуваат во финансиското работење како резултат на постоењето на инструментите, институциите, пазарите и надворешните фактори кои им влијаат. Акцентот е ставен на електронските финансии изразено преку електронското банкарство и електронското тргување на финансиските компании, потоа услужната дејност во овој сектор и согласно ваквите промени појавата на маркетинг за финансиски институции. Импликациите на финансиските иновации врз небанкарскиот и банкарскиот сектор како и анализа на примената на нови инструменти и нови методи во работењето на овие институции исто така се предмет на истражување. Се анализира и колкав и каков е доменот на активности на овие финансиски сектори како и кои се новонастанати финансиски институции кои работат со финансиските деривати и се одговор на финансиските иновации. Последниот дел на трудот е конкретизиран на состојбите и трендовите на финансиските иновации и нивното влијание врз работењето на финансиските институции и соодветната регулираност во Република Македонија. Оваа глава е заклучок на претходните глави и споредба со финансиската состојба во Македонија, конкретизирано преку точките за финансиската структура, одржување на финансискиот сектор и современите пристапи на функционирање на финансискиот пазар во Република Македонија.

Во практикумот „Практикум за вежби – Финансиски пазари и институции“ се сместени темите кои треба да се разработат на вежбите по предметот Финансиски пазари и институции, кој се изучува на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Редоследот на темите е согласно со Наставната програма по предметот Финансиски пазари и институции, кој се изучува на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. За секој час се предвидени 4 наслови за разработка. За секое активно следење на темите и учество во одбраната на истите, студентите добиваат потпис, како доказ за добро сработена задача. На задачата во која тие се креатори на аргументите (а не се вклучен аудиториум) мораат да наведат користена литература која се бележи на крајот од практикумот. Изворите со кои студентите треба да се служат за изработка на задачите се наведени под насловот на задачата. Методите кои студентите ќе ги користат, покрај квалитативно, можат да бидат и квантитативно искажани.

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област финансии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип се пријави кандидатката д-р Марија Гогова Самоников.

Кандидатката ја поднесе комплетната документација која се бараше во Конкурсот и ги исполнува сите услови кои се предвидени за избор на наставник во сите звања, со што ги исполнува условите кои се предвидени за избор на наставник во сите звања според Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, научни и наставни звања. Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност, Комисијата констатира дека кандидатката д-р Марија Гогова Самоников покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во областа на финансиите. Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатката се потврдува со бројните објавени научни и стручни трудови. Научноистражувачката работа на кандидатката е континуирана и ја потврдуваат неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област и проблематиката којашто се однесува на предметот за којшто кандидатката конкурира.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во областа на кандидатката се вбројуваат и трудови во стручно-научно популарно списание (1, 2, 3, 4, 13), членство во ННС на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, членство во уписна комисија, учество во научен проект „Local Economic Development in Albania, Macedonia and Kosovo”, како дејности на стручно-апликативна и организациско-развојна дејност според Универзитетскиот гласник бр. 28 од 2013 година на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

**Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека д-р Марија Гогова Самоников ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно - научниот совет на Економскиот факулет да му предложи да ја избере во наставно-научното звање доцент, за наставно - научната област финансии.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ристо Фотов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Мицески, член, с.р.**
**Доц. д-р Илија Груевски, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **3** | **Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум** (27, 28) | 2 | 8 | | | 16 |
| **10** | **Научно популарна статија во весник** (15,16,17,18) | 4 | 0,5 | | | 2 |
| **26** | **Вежби** (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии) | 32 | 0,5 | | | 16 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **42** |
| **Р. бр** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1** | **Научна книга** (24) | | | 1 | 15 | 15 |
| **5** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир** (5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,19,20,21,22,23) | 2 | 1 | 13 | 2 | 28 |
| **9** | **Учество на научен собир со реферат (усно, потвдено со сертификат за учество)** | 1 | 1,5 | 3 | 2 | 7,5 |
| **10** | **Одбранета докторска теза** (25) | 1 | 8 | | | 8 |
| **11** | **Одбранета магистерска труд** (26) | 1 | 4 | | | 4 |
| **22** | **Студиски престој во странство** – UWE Англија 2010 година | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **70,5** |
| **Р. бр** | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **5** | **Труд во стручно – научно популарно списание** (1,2,3,4,13) | | | 5 | 6 | **30** |
| **13** | **Учесник во научен проект** „Local Economic Development in Albania, Macedonia and Kosovo" | | | 1 | 8 | **8** |
| **28** | **Член на факултетски орган, комисија** – ННС | 1 | 2 | | | **2** |
| **28** | **Член на факултетски орган, комисија** Член на уписна комисија | 2 | 2 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **44** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **148,5** |